2023

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.04 - 30.06.2023Г

II Квартал

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ........ 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2023 година ........ 3

II. ПРИХОДИ ........ 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2023 ГОДИНА ........ 5

III. ТРОШОЦИ - ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ........ 6

Трошоци за вработените ........ 6
Патни и транспортни трошоци ........ 7
Заеднички трошоци ........ 7
Програмски права ........ 8
Останати трошоци од работење ........ 9
Инвестиции ........ 9

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2023 ГОДИНА ........ 9

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2023г. ........ 14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА ........ 14

1. Побарувања од купувачите во земјата ........ 15
2. Побарувања од купувачите во странство ........ 15

VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА16

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА ...... 17

# I. ВОВЕД

ЈРП Македонска Радио Телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во рамки на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и емитување на радио и телевизиски програми од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Преку радио, телевизија, сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП МРТ изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

Во второто тримесечје од 2023 година, во своето работење, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 346.264.241 денар и расходи во износ од 259.689.221 денар, при што е остварен позитивен финансиски резултат од 86.575.020 денари.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 04 до 06м. 2023 година**

| ОПИС | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | | Финансиски план 2023г | | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **235,671,900** | **100.0** | **1,172,200,000** | **100.0** | **346,264,241** | **100.0** | **146.9** | **29.5** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **242,048,594** | **102.7** | **1,127,500,000** | **96.2** | **259,689,221** | **75.0** | **107.3** | **23.0** |
| Трошоци за вработени | 117,206,327 | 49.7 | 509,500,000 | 43.5 | 123,482,098 | 35.7 | 105.4 | 24.2 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,253,188 | 0.5 | 5,800,000 | 0.5 | 2,088,576 | 0.6 | 166.7 | 36.0 |
| Заеднички трошоци | 32,081,146 | 13.6 | 201,290,000 | 17.2 | 31,798,177 | 9.2 | 99.1 | 15.8 |
| Програмски права | 70,487,335 | 29.9 | 358,230,000 | 30.6 | 89,833,245 | 25.9 | 127.4 | 25.1 |
| Останати трошоци од работење | 21,020,598 | 8.9 | 52,680,000 | 4.5 | 12,487,125 | 3.6 | 59.4 | 23.7 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-6,376,694** | | | | **86,575,020** | | | |

# II. ПРИХОДИ

Во периодот април - јуни 2023 година реализирани се приходи во износ од 346.264.241 денари.

Средствата за финансирање на радиодифузна дејност, кои по Одлука на Владата на РСМ а согласно измените во Законот за ААВМУ (сл.весник 132/17) МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација, остварени се во вкупен износ од 167.625.000 денари или по 55.875.000 денари на месечно ниво.

За постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, исто така од Буџетот на РСМ и согласно Законот за ААВМУ, во 2023 година ЈРП МРТ треба да добие средства во вкупен износ од 300.000.000 денари. Остварувањето по овој основ во вториот квартал од годината изнесува 175.000.000 денари.

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 67.350 денари што е реализација од 13,5% во однос на планираните приходи за 2023 година за оваа намена.

По основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и останати услуги) остварени се приходи во износ од 517.314 денари или 17,2% во однос на планираните приходи за 2023 година за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи бележи реализација во износ од 1.118.619 денари или остварување од 2,8% во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена, а истата пред се, опфаќа приходи по основ на вредносно усогласување на побарувања по основ на РДТ а потоа и приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнителни приходи од минати години и слично.

Приходот по основ на судски одлуки за предмети кои се завршени во корист на МРТ изнесува 36.335 денари.

Приходот од маркетинг (РА и ТВ реклами и услуги, спонзорства и сл.) во второто тримесечје од 2023 година е остварен во износ од 1.899.623 денари што е остварување од 3,5% на планираните средства во Финансискиот план за 2023 година за оваа намена.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.04 – 30.06.2023 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура(кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 670,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 25.0 | 48.4 |
| Приходи од Буџет на РСМ за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 62,400,000 | 350,000,000 | 175,000,000 | 280.4 | 50.0 | 50.5 |
| Закупнини | 67,555 | 500,000 | 67,350 | 99.7 | 13.5 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 517,314 | 3,000,000 | 517,314 | 100.0 | 17.2 | 0.1 |
| Приходи од странство (технички услуги,коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 10,637 | 2,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати,позитивни курсни разлики, вредносно усогласување на побарувања,отпишани обврски,приходи од минати год и сл.) | 2,485,300 | 40,000,000 | 1,118,619 | 45.0 | 2.8 | 0.3 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 22,302 | 1,200,000 | 36,335 | 162.9 | 3.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 2,368,222 | 55,000,000 | 1,899,623 | 80.2 | 3.5 | 0.5 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 175,570 | 50,000,000 | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **235,671,900** | **1,172,200,000** | **346,264,241** | **146.9** | **29.5** | **100.0** |

# III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот април - јуни 2023 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 259.689.221 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2023 година претставува реализација од 23,0%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04-30.06.2023 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.- 30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.- 30.06.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 117,206,327 | 509,500,000 | 123,482,098 | 105.4 | 24.2 |
| Патни и транспортни трошоци | 1,253,188 | 5,800,000 | 2,088,576 | 166.7 | 36.0 |
| Заеднички трошоци | 32,081,146 | 201,290,000 | 31,798,177 | 99.1 | 15.8 |
| Програмски права | 70,487,335 | 358,230,000 | 89,833,245 | 127.4 | 25.1 |
| Останати трошоци од работење | 21,020,598 | 52,680,000 | 12,487,125 | 59.4 | 23.7 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **242,048,594** | **1,127,500,000** | **259,689,221** | **107.3** | **23.0** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 2,096,033 | 45,000,000 | 6,009,962 | 286.7 | 13.4 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **2,096,033** | **45,000,000** | **6,009,962** | **286.7** | **13.4** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **244,144,627** | **1,172,500,000** | **265,699,183** | **108.8** | **22.7** |

## Трошоци за вработените

Трошоците за вработени во второто тримесечје од 2023 година се остварени во вкупен износ од 123.482.098 денари или 24.2% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група опфаќа трошоци за бруто плата на вработените кои изнесуваат 122.624.727 денари, трошоци за отпремнина за вработените кои оствариле право на старосна пензија реализирани во износ од 408.868 денари, потоа трошоците за други лични примања/надоместоци на вработените за исплатена парична помош на вработените по разни основи како во случај смрт на вработен или на член на потесно семејство, боледување подолго од шест месеци, надоместок за деца со посебни потреби, елементарни непогоди и слично кои во анализираниот период се реализирани во износ од 237.585 денари, како и трошоците за јубилејни награди за вработените кои во тековната година во МРТ остваруваат работен стаж од 10, 20, 30, 35 и 40 години во износ од 206.198 денари и трошоците за едукација во износ од 4.720 денари. Просечната плата по работник за периодот 04-06 месец 2023 година изнесува 40.417 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 2.088.576 денари и истата е реализирана со 36,0% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2023 година за оваа намена.

Од патувањата во странство кои се реализирани за остварување на програмски цели би ги спомнале патувањата на екипите на МРТ во Белград – учество на меморијален турнир на јавни радиодифузни сервиси во организација на РТС, Белград и Младеновац - извесување од настаните по убиството на ученици во училиште во Белград, Ерусалим – известување од преземањето на Благодетниот оган за Великден, Атина – присуство на 29 –то Радио Собрание на ЕБУ, Тбилиси – обука за Мобилно новинарство, Улцињ – снимање на репортажни емисии по повод Фестивал на најдобри видео спотови, Сан Себастијан – учество на годишно Собрание на ЦИРКОМ, Рим – известување од посета на државно црковна делегација во Рим, Барселона – учество на Генерално собрание на Европска радиодифузна унија, Манчестер – пренесување на фудбалскиот натпревар Англија – Македонија и слично.

Во земјата пак, реализирани се патувања за пренос и емитување на спортски натпревари, за снимање на информативни, документарни и други видови емисии за потребите на редакциите на програмските сервиси на кои се емитува радио и ТВ програмата.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ.

### Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци во овој период од 2023 година бележи остварување во вкупен износ од 31.798.177 денари што е реализација од 15,8% на финансискиот план за 2023 година за оваа намена. Оваа група ги опфаќа трошоците за електричен, технички и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 180.027 денари, трошоците за канцелариски материјали и материјали за возен парк реализирани во вкупен износ од 207.795 денари, потоа трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво со вкупно остварување од 7.594.661 денар, ситен инвентар во износ од 113.363 денари како и телефонските трошоци со интернет услугите и поштенските услуги во вкупен износ од 692.305 денари. За пренос и емитување на емисии и настани од разни области користени се аудио и видео линии за кои е остварен трошок во износ од 2.550.089 денари. Реализација во рамките на планираниот износ за 2023 година бележат и трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 923.586 денари, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.108.073 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на опрема остварени во вкупен износ од 478.252 денари, потоа трошоците за одржување на возила во износ од 166.508 денари и одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.174 денари како и трошоците за комунални услуги (вода и ѓубретарина) реализирани во вкупен износ од 1.279.644 денари. Трошоците за амортизација на основни средства пресметани за овој период изнесуваат 10.263.824 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и

Програмски совет реализирани се трошоци во износ 1.858.894 денари кои се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ. Во рамки на планираните износи за 2023 година остварени се и банкарските трошоци и тоа во износ од 128.133 денари а опфаќаат плаќања во земјата и плаќања кон странство а по основ на откупена филмска и спортска програма, членарини и слично, потоа трошоците за промоција и репрезентација остварени во вкупен износ од 146.914 денари како и трошоците за камати од работење и негативни курсни разлики остварени во вкупен износ од 2.113.012 денари.

**Програмски права**

Групата на трошоци која опфаќа откуп на права за емитување на најразлични видови на програмски содржини како и продукција и копродукција на разни видови емисии, во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 89.833.245 денари, што претставува 25.1% реализација на планот за 2023 година за оваа намена.

Трошоците се однесуваат на следните ставки:

Откуп на права за пренос и емитување на спортски настани која е реализирана во износ од 9.562.015 денари и истата се однесува на фактурирана реализација на трошоци за откуп на права за пренос на FIFA – Светски Куп 2023 година-фудбал жени, Македонска фудбалска лига и и фудбалски куп 2022/2023 година-мажи, АБА ЛИГА кошарка, алпско и нордиско скијање и слично.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 19.588.466 денари и истите опфаќаат фактурирана реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, забавно-контактни емисии, детски и образовни емисии и друго на македонски и албански јазик како Дајте музика, ТВ серијал – Народни приказни на албански јазик, ТВ серија Куќен притвор, Концерт на Дарио и Миг 21, Агенда 35 и други.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 31.360.397 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за лиценцирани вести од интернет, потоа откуп на ТВ права за емитување на 95-то доделување на филмските награди Оскар, продукција и емитување на ТВ проектите 7 минути здравје, Приказна, Вип дадилка, Тетка Ѓула, Гурманија, Фауна, Технолошки центар, Дипломатија и бизнис, Околу светот, емисиі за деца со наслов “ 4 “ , Бумеранг, Музички камп и Квиско и други.

За откуп на лиценцни права за емитување на филмови, серии, детски анимирани серии и документарни емисии од најразлични жанрови на ТВ програмските сервиси на МРТ, реализирани се трошоци во износ од 29.322.367 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 12.487.125 денари и истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 5.917.189 денари кои се неопходни за да се надомести недостигот од кадар во повеќето организациони единици во МРТ, трошоците за надоместок за членувањето на МРТ во меѓународни радиодифузни организации како ЕБУ, ЦИРКОМ и слично реализирани во износ од 3.719.650 денари а за надоместок за мало авторско право кон ЗАМП реализирани 2.672.753 денари.

## Инвестиции

Во рамки на планираните средства за инвестиции во нова опрема во вториот квартал од 2023 година фактурираната реализација изнесува 6.009.962 денари и во рамки на овие средства набавени се UTAH напојување, хибриден кабел за камери, видео миксер, лого инвертери и сателитски ресивер.

### АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.04 - 30.06.2023 ГОДИНА

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработените | 114,060,313 | 490,000,000 | 122,624,727 | 107.5 | 25.0 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 15,100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 2,764,598 | 1,200,000 | 408,868 | 14.8 | 34.1 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,разни видови помош и сл.) | 360,416 | 1,000,000 | 237,585 | 65.9 | 23.8 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 1,200,000 | 206,198 | 0.0 | 17.2 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 21,000 | 350,000 | 4,720 | 22.5 | 1.3 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **117,206,327** | **509,500,000** | **123,482,098** | **105.4** | **24.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Патни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 580,444 | 1,800,000 | 831,238 | 143.2 | 46.2 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 45,000 | 2,000,000 | 697,239 | 1,549.4 | 34.9 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 139,074 | 1,000,000 | 364,102 | 261.8 | 36.4 |
| Сопствено возило за службени потреби | 405,189 | 400,000 | 148,577 | 36.7 | 37.1 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 40,100 | 200,000 | 47,420 | 118.3 | 23.7 |
| **Вкупно 2** | **1,209,807** | **5,500,000** | **2,088,576** | **172.6** | **38.0** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 43,381 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **43,381** | **300,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **1,253,188** | **5,800,000** | **2,088,576** | **166.7** | **36.0** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 48,512 | 700,000 | 43,156 | 89.0 | 6.2 |
| Технички материјал | 178,149 | 1,000,000 | 130,075 | 73.0 | 13.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 121,480 | 200,000 | 6,796 | 0.0 | 3.4 |
| **Вкупно 4** | **348,141** | **1,900,000** | **180,027** | **51.7** | **9.5** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 333,518 | 1,000,000 | 195,795 | 58.7 | 19.6 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 18,734 | 200,000 | 12,000 | 64.1 | 6.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **352,252** | **1,500,000** | **207,795** | **59.0** | **13.9** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 2,007,917 | 60,000,000 | 4,473,580 | 222.8 | 7.5 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,662,896 | 12,500,000 | 2,377,114 | 143.0 | 19.0 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 718,611 | 3,500,000 | 743,967 | 103.5 | 21.3 |
| **Вкупно 6** | **4,389,424** | **76,000,000** | **7,594,661** | **173.0** | **10.0** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 371,169 | 1,700,000 | 113,363 | 30.5 | 6.7 |
| **Вкупно 7** | **371,169** | **1,700,000** | **113,363** | **30.5** | **6.7** |
| ***8)Поштенски,телефонски услуги,интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни линии | 79,706 | 600,000 | 81,053 | 101.7 | 13.5 |
| Телефонски трошоци-мобилни линии | 500,290 | 2,000,000 | 491,563 | 98.3 | 24.6 |
| Трошоци за интернет | 199,302 | 800,000 | 76,077 | 38.2 | 9.5 |
| Поштарина | 56,447 | 300,000 | 43,612 | 77.3 | 14.5 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 855,769 | 10,000,000 | 2,550,089 | 298.0 | 25.5 |
| **Вкупно 8** | **1,691,514** | **13,700,000** | **3,242,394** | **191.7** | **23.7** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 737,734 | 4,500,000 | 1,108,073 | 150.2 | 24.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 849,363 | 3,500,000 | 332,758 | 39.2 | 9.5 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 0 | 1,000,000 | 145,494 | 0.0 | 14.5 |
| Одржување на возила | 194,800 | 2,500,000 | 166,508 | 85.5 | 6.7 |
| Одржување на ситен инвентар, автогуми и ГПС уреди | 12,760 | 100,000 | 7,062 | 55.3 | 7.1 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 250,484 | 1,000,000 | 250,174 | 99.9 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 700,920 | 3,700,000 | 923,586 | 131.8 | 25.0 |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од коронавирус | 328,265 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 9** | **3,074,326** | **16,300,000** | **2,933,655** | **95.4** | **18.0** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 350 | 30,000 | 8,991 | 2,568.9 | 30.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 29,763 | 250,000 | 115,856 | 0.0 | 46.3 |
| Трошоци за ѓубретарина | 209,439 | 950,000 | 207,856 | 99.2 | 21.9 |
| Трошоци за вода | 805,533 | 3,300,000 | 946,941 | 117.6 | 28.7 |
| **Вкупно 10** | **1,045,085** | **4,530,000** | **1,279,644** | **122.4** | **28.2** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Трошоци за огласи и конкурси | 85,484 | 800,000 | 71,464 | 83.6 | 8.9 |
| Трошоци за регистрација на возила, полнимоштва и друго | 62,417 | 300,000 | 29,662 | 47.5 | 9.9 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 0 | 150,000 | 4,548 | 0.0 | 3.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати и сл.) | 0 | 350,000 | 126,492 | 0.0 | 36.1 |
| **Вкупно 11** | **147,901** | **1,600,000** | **232,166** | **157.0** | **14.5** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 15,278,930 | 58,000,000 | 10,263,824 | 67.2 | 17.7 |
| **Вкупно 12** | **15,278,930** | **58,000,000** | **10,263,824** | **67.2** | **17.7** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 12,873 | 200,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **12,873** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 4,560 | 0.0 | 4.6 |
| Трошоци за репрезентација | 70,722 | 500,000 | 142,354 | 201.3 | 28.5 |
| **Вкупно 14** | **70,722** | **600,000** | **146,914** | **207.7** | **24.5** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 118,201 | 1,500,000 | 14,782 | 12.5 | 1.0 |
| **Вкупно 15** | **118,201** | **1,500,000** | **14,782** | **12.5** | **1.0** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 126,509 | 400,000 | 128,133 | 101.3 | 32.0 |
| **Вкупно 16** | **126,509** | **410,000** | **128,133** | **101.3** | **31.3** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елабораи и друго | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 26,350 | 50,000 | 14,513 | 55.1 | 29.0 |
| **Вкупно 17** | **26,350** | **270,000** | **14,513** | **55.1** | **5.4** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,786,338 | 9,000,000 | 1,858,894 | 104.1 | 20.7 |
| **Вкупно 18** | **1,786,338** | **9,000,000** | **1,858,894** | **104.1** | **20.7** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 31,722 | 4,400,000 | 1,429,144 | 4,505.2 | 32.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 163,913 | 200,000 | 39,101 | 23.9 | 19.6 |
| **Вкупно 19** | **195,635** | **4,600,000** | **1,468,245** | **750.5** | **31.9** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **0** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 278,905 | 2,000,000 | 6,155 | 2.2 | 0.3 |
| **Вкупно 21** | **278,905** | **2,000,000** | **6,155** | **2.2** | **0.3** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,314,578 | 4,000,000 | 1,423,436 | 108.3 | 35.6 |
| **Вкупно 22** | **1,314,578** | **4,000,000** | **1,423,436** | **108.3** | **35.6** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,400,358 | 2,500,000 | 689,576 | 49.2 | 27.6 |
| **Вкупно 23** | **1,400,358** | **2,500,000** | **689,576** | **49.2** | **27.6** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 51,935 | 880,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 24** | **51,935** | **880,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **32,081,146** | **201,290,000** | **31,798,177** | **99.1** | **15.8** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.04.-30.06.2022г. | Финансиски план 2023г | Остварување 01.04.-30.06.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 0 | 53,930,000 | 29,322,367 | 0.0 | 54.4 |
| Останати програмски права | 17,052,071 | 98,400,000 | 31,360,397 | 183.9 | 31.9 |
| Надомест за фестивали | 0 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 25,603,425 | 94,000,000 | 9,562,015 | 37.3 | 10.2 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 27,831,839 | 110,500,000 | 19,588,466 | 70.4 | 17.7 |
| **Вкупно 25-Програмски права** | **70,487,335** | **358,230,000** | **89,833,245** | **127.4** | **25.1** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 45,008 | 250,000 | 45,969 | 102.1 | 18.4 |
| **Вкупно 26** | **45,008** | **250,000** | **45,969** | **102.1** | **18.4** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 16,323 | 400,000 | 12,886 | 78.9 | 3.2 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 890,428 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за опремување сцена, трошоци за поврзани субјекти | 0 | 750,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Интелектуални услуги (проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 0 | 3,580 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 6,880,100 | 15,000,000 | 5,917,189 | 86.0 | 39.4 |
| Трошоци за проект Евровизија | 796,208 | 600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 1,993,555 | 2,100,000 | 68,743 | 0.0 | 3.3 |
| **Вкупно 27** | **10,576,614** | **21,150,000** | **6,002,398** | **56.8** | **28.4** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 3,355,111 | 14,000,000 | 3,719,650 | 110.9 | 26.6 |
| Котизации и акредитации | 60,401 | 60,000 | 46,355 | 0.0 | 77.3 |
| Мало авторско право (ЗАМП,ММИ) | 2,645,080 | 13,500,000 | 2,672,753 | 0.0 | 19.8 |
| Надомест на Агенција за филмска дејност | 4,338,384 | 3,600,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **10,398,976** | **31,160,000** | **6,438,758** | **61.9** | **20.7** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **0** | **120,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **21,020,598** | **52,680,000** | **12,487,125** | **59.4** | **23.7** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **242,048,594** | **1,127,500,000** | **259,689,221** | **107.3** | **23.0** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 2,096,033 | 45,000,000 | 6,009,962 | 286.7 | 13.4 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **2,096,033** | **45,000,000** | **6,009,962** | **286.7** | **13.4** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **244,144,627** | **1,172,500,000** | **265,699,183** | **108.8** | **22.7** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2023г.

Состојбата на *денарските* сметки на ЈП МРТ на 30.06.2023 година изнесува:

- Комерцијална банка 694.456 денари
- Халк банка 97.628.519 денари
- Тутунска банка 819.303 денари
- Стопанска банка 109.087 денари
- Шпаркасе банка 508.877 денари
- Силк роуд банка 581.664 денари
- Прокредит банка 924.947денари

***Вкупно на сметки : 101.266.853 денари***

*Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.06.2023 година изнесува:*

- Стопанска банка 126 УСД
- Комерцијална банка 11,883 ЕУР
  2,964 АУД
  280 ДКК
- Прокредит банка 3,666 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА

### РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.06.2023 ГОДИНА

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022г | Состојба на 30.06.2023г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| Побарувања од купувачите во земјата | 2,080,761,250 | 2,053,729,669 | 98.7 |
| Побарувања од купувачите во странство | 71,371,912 | 70,058,466 | 98.2 |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,082,664,130 | -2,079,565,721 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **69,469,032** | **44,222,414** | **63.7** |

## 1. Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022г | Состојба на 30.06.2023г | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - редовни побарувања | 2,056,640,159 | 2,029,608,576 | 98.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,121,091 | 24,121,093 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во земјата | -2,043,436,315 | -2,041,463,817 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **12,265,852** | **32.9** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата со состојба на 30.06.2023 година изнесуваат 12.265.852 денари а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022г | Состојба на 30.06.2023г | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - ненаплатени побарувња по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,019,782,756 | 2,017,812,779 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 31,656,887 | 6,960,935 | 22.0 |
| - радио и телевизиски услуги | 7,353 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 139,687 | 145,317 | 104.0 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (парно, вода, струја) | 4,646,522 | 4,079,114 | 87.8 |
| - спогодби | 406,954 | 610,431 | 150.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,121,091 | 24,121,093 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите во земјата | -2,043,436,315 | -2,041,463,817 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **12,265,852** | **32.9** |

## 2. Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.06.2023 година изнесуваат вкупно 31.956.562 денари, а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022г | Состојба на 30.06.2023г | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2) |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,590,351 | 33,967,287 | 95.4 |
| - ТВ услуги | 540,058 | 541,278 | 100.2 |
| - технички услуги | 3,020,959 | 3,027,776 | 100.2 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,824 | 100.2 |
| - отстапени права | 31,031,648 | 32,064,118 | 103.3 |
| - фестивали во странство | 871,982 | 138,409 | 15.9 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 300,128 | 302,774 | 100.9 |
| - вредносно усогласување на побарувањата во странство | -39,227,815 | -38,101,904 | 97.1 |
| **Вкупно:** | **32,144,097** | **31,956,562** | **99.4** |

## VI. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА

| ОПИС | состојба на 31.12.2022 год. | состојба на 30.06.2023 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **342,561,379** | **330,048,424** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 82,418,642 | 54,935,716 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,678,298 | 58,034,021 |
| Обврски за примени аванси од купувачи | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД,ПД), даноци и придонеси за плата, камати по истите и сл. | 42,312,198 | 34,790,285 |
| Обврски спрема вработените | 27,259,682 | 26,910,321 |
| Обврски за авторски договори | 7,867 | 24 |
| Краткорочни обврски кон МФ (доспеана камата и главен долг за Лондонски и Парискu клуб) | 149,163,078 | 147,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 819,959 | 677,152 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 7,536,830 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг кон ММИ, УЈП) | 4,904,685 | 997 |
| **Долгорочни обврски** | **153,872,878** | **153,872,878** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 5,234,667 | 5,234,667 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 135,662,845 | 135,662,845 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 12,975,366 | 12,975,366 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **496,434,257** | **483,921,302** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.06.2023 година изнесуваат 483.921.302 денари и истите, во однос на состојбата на 31.12.2022 година се намалени за 12.512.955 денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 30.06.2023 год. изнесува вкупно 669 лица, што е помалку за 5 лица или за 0.7% во однос на состојбата на 31.03.2023 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | ВКВ | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2023 | 1 | 42 | 328 | 5 | 285 | 0 | 12 | 1 | 674 | |
| 30.06.2023 | 1 | 42 | 324 | 5 | 284 | 0 | 12 | 1 | 669 | -5 |
| структура 30.06.2023г.(%) | 0.1 | 6.3 | 48.4 | 0.7 | 42.5 | 0.0 | 1.8 | 0.1 | 100.0 | -0.7 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.06.2023 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.03.2023 | 456 | 153 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 2 | 674 | |
| 30.06.2023 | 452 | 153 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 669 | **-5** |
| структура 30.06.2023г.(%) | 67.6 | 22.9 | 3.7 | 2.8 | 0.9 | 1.0 | 0.6 | 0.3 | 0.1 | 100.0 | -0.7 |

Во текот на второто тримесечје од 2023 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.
Во истиот период 6 лица се заминати во пензија и тоа: 3 Новинари со ВСС, 1 Советник на Директорот со ВСС, 1 Техничар и 1 Миксер со ССС. Во истиот период 1 Референт со ССС е вратен на работа по користење на неплатено отсуство а 1 Стручен соработник со ВСС е заминат на користење неплатено отсуство од работа.

Скопје, Јули 2023 година

Одобрил

__________________________

Директор на ЗФ и администрација
Горан Атанасов

Директор на ЈРП МРТ

_______________________

Марјан Цветковски

Одделение за сметководство
Изработил: С.Николовска

Одделение за планирање и реализација на буџети
Изработил: В.Димеска
М.Лазаревска

Контролирал: Емилија Николова Христовска